2. Обновената дозвола за работење на брокерот Виолета Симјановска се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Виолета Симјановска престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-44
8 април 2011 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

_____

1555.

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, врз основа на член 151 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), постапувајќи по Барањето број 08-УП1-147 од 18.11.2010 година, на седницата одржана на ден 8.4.2011 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК

1. Се дава дозвола за работење на инвестиционен советник на лицето Ристо Биткоски.

2. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Ристо Биткоски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Ристо Биткоски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 213 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. УП1-08-147
8 април 2011 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

1556.

Врз основа на член 190 и член 114 став 5 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010), Комисијата за хартии од вредност, на својата седница одржана на 8.4.2011 година, го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

Член 1

Во Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на брокер, во членот 5 став 1,

- точка 2 зборовите „бројот на лична карта и единствениот матичен број“ се бришат.

- точка 4 се менува и гласи

„4. образец М1 како доказ дека лицето е вработено како брокер кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност“.

- точката 5 се менува и гласи „изјава дадена пред нотар од лицето кое бара дозвола за работење на брокер, дека не врши други работи кои не се поврзани со работење со хартии од вредност согласно пропишаниот образец Изјава (Образец И-ОДБ1)“.

- точката 6 се брише

- точките 7 и 8 стануваат точки 6 и 7.

Член 2

Членот 8 се менува и гласи:

„Комисијата е должна по барањето за обновување на дозвола за брокер да одлучи во рок од 60 календарски дена од денот на доставување на барањето до Комисијата“.

Член 3

Во Изјвата Образец И-ОДБ на овој Правилник, првата алинеа се брише.

Член 4

По Образец И-ОДБ се додава нов образец на Изјава И-ОДБ 1.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-953/1
8 април 2011 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија,
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.